ТЕТОВО И ТЕТОВСКО НИЗ ИСТОРИЈАТА, КНИГА I. Од предисторијата до крајот на Првата светска војна. Тетово, 1982, 504.

I

Со објавувањето на оваа прва книга на Историјата на Тетово и Тетовско Собранието на општината и Општинскиот одбор на здружението на борците од НОВ на Тетово, како издавачи на овој труд, го поставуваат овој предел од СР Македонија во редот на општините кои веќе на поширока јавност ѝ дадоа регионални историографски прегледи на своите општински подрачја.

II

Работата на монографијава собрала голем број автори-специјалисти за одделните потесни дисциплини кои нашле место на нејзините страници. Така, проф Панче Кировски ја обработил материјата за природно-географските одлики, за населението и за населбите во Полог. Овој прв дел заедно со картата на територијата и населбите на Тетовско го воведува читателот во разбирањето на основните содржини на трудот. Вториот дел „Полог од предисторијата до средниот век" е дело на проф. Иван Микулиќ. Професорот Томо Томоски го напишал делот „Полог во средниот век" доведувајки го излагањето до османското завладување. Текстот за средновековните црковни споменици, вклучени во овој дел е од проф. Петар Миљковиќ-Пепек. Професорот Методија Соколоски е автор на историјата на Тетово и Тетовско под османлиската власт — до крајот на XVII век. Тој е еден од носечките текстови и, речиси, исклучиво заснован врз турска изворна документација. Најобемни се текстовите од акад. Љубен Лапе. Тие ги исполнуваат страниците на деловите: од шестиот до единаесеттиот. Љ. Лапе ја следи политичката историја на регионов од почетокот на XVII век до крајот и обработил некои поглавја од културната историја во XIX и XX век. За спомениците на материјалната култура, за народниот живот и за фолклорот на македонското, албанското и турското население текстовите ги напишале Љупчо Филиповски, Ангелина Крстевска, д-р Воислав Јакоски, д-р Лазо Кароски, Ѓорги Ѓоргиевски, Танас Вражиновски и Ремзи Несими. За дијалектите, македонскиот, албанскиот и турскиот — на тетовските говори пишуваат Трајко Стаматоски, научен советник; проф. Ремзи Несими и Хамди Хасан. Уредник на монографијата е акад. Љ. Лапе.

III

Првата Историја на Тетово и Тетовско што е пред нас, покрај многуте заеднички особини со другите регионални истории, носи некои посебни карактеристики, со што во многу се разликува од досегашните такви публикации издадени во Републиката. Овие особини и карактеристики, сепак, произлегуваат од претходно сестрано обмислената идејна концепција, изработена од Одборот и од Редак-

цијата, а која легнала во основите на делото што е пред нас. Очигледно е дека, авторите на идејниот проект си поставиле за задача да ѝ дадат на јавноста не само и не толку опис на политичката историја на тетовскиот дел од полошкиот регион, колку што едно интердисциплинарно и сеопфатно дело кое ги отсликува сите страни на животот, на творештвото, а делумно и на современите културни состојби на населението во регионов. Надмината е тематската едностраничност на традиционалните сфаќања на историјата во кои превладува превасходно политичката историја. Ваквата ориентација, внесена и реализирана во трудот, е сосема во склад со марксистичкиот метод во третирањето на историските феномени.

## IV

Централно место во излагањето ѝ е посветено на економската состојба на народните маси од македонскиот, албанскиот и турскиот дел на населението на Тетово и Тетовско. Таа состојба континуирано се следи низ сите долготрајни епохи што ги обработува оваа книга. Паралелно со тоа се следат развојот на производните сили, менувањето на општествено-економските односи и на класната структура во различните конфесионални и народни групи и на народот во целина од овој крај. Јасно, разбирливо и опширно се опишани феудалните експлоататорски системи и особено османскиот феудален систем што се задржал најдолго време и што оставил најдалекосежни последици од секаков вид. Текстовите за политичките состојби, кои пак, особено во XVII, XVIII и XIX и првите две децении од XX век, повремено во текот на цели децении, биле извонредно тешки, не само што ја илустрираат положбата на подјарменото и угнетувано население во условите на османското господство, ами приоднесуваат појасно да се сфати и општото економско и културно заостанување зад можностите што ги нудело времето и во споредба со развитокот на други предели, земји и општествени средини. Во трудот, аргументирано, прегледно и врз основа на официјални турски статистики и друга изворна граѓа, се илустрира на кој начин се вршела исламизацијата и доселувањето на албанскиот етнички елемент, со што во текот на неколку векови се менувал етничкот лик на тетовскиот регион.

Во склопот на политичката историја од посебно значење се оние настани и движења, чиишто средишта најчесто се наоѓале надвор од Тетовско, но кои, на еден или друг начин имале свој одглас и оставиле длабоки траги и во Тетовско. По османското освојување што самото по себе значело најзначајна историска пресвртница, такви крупни настани биле австриското воено продирање и Карпошовото востание од крајот на XVII век. Чинот на задушувањето на Карпошовото востание, од своја страна, бил придружен не само со материјални разурнувања и човечки жртви, ами и со масовни преселби на словенското население и нови етнографски промени.

Од поново време за македонскиот народ такви движења се

учеството на Тетовско во македонската преродба, а потоа и во револуционерното движење за извојување на македонска државна самостојност. Албанскиот дел од населението на Тетовско со свои претставници учествувал во движењето на Призренската лига во годините на големата Источна криза, а дваесетина години пред тоа Албанците од Тетовско зеле учество во востанието на Дервиш Царе против османската власт. А пропо на ова востание, само би додале дека за него за првпат во овој труд се изнесени поцелосни и посигурни изворни податоци кои овозможуваат да се откријат неговите причини и да се следи неговиот тек, развој и задушување.

Нашето внимание, исто така, го привлекуваат описите на положбата на народот од тетовскиот крај во историски пресвртните времиња на војните од 1912 до 1918 година. Тоа се години на рушење на едни и воспоставување на други царства, на чести менувања на наметнатите туѓински режими, на угнетувања, реквизиции, ангарии, немаштија, болести и воени жртви по туѓи фронтови и за туѓа сметка.

Краткото поглавје за работничкото и социјалистичкото движење чие појавување е сврзано со последните години на османското владеење на Македонија, укажува на фактот дека и во Тетово, и покрај необично тешките услови на живеење, стигнале предвесниците на новото време. Тогаш посеаните социјалистички идеи и формираната работничка група ќе послужат како цврста јатка од која подоцна ќе израсне работничкото и комунистичкото движење во Тетово и Тетовско.

Текстовите за просветните прилики во Тетовско во XIX и XX век ја следат појавата и развитокот на училиштата, писменоста, книжевното творештво и народното просветување.
Нивен основоположник е за она време еден од најпознатите трудбеници на македонската преродба, Кирил Пејчиновиќ, кој развил широка просветителска дејност и оставил наследници кои успешно го продолжиле неговото дело. Посебно било значајно неговото поврзување со тукушто ослободената Србија, од каде што, и во негово време и подоцна, ќе доаѓаат книги, учебници, и парична помош, кои ќе го помогнат натамошниот развиток на училиштата и просветното дело. Таква материјална помош идела и од тетовските печалбари.

Во посебни поглавја во книгата се изложени просветните прилики на Македонците, на турското и на албанското население во Тетово и Тетовско до крајот на османлиското владеење на Македонија.

Во монографијата во посебни делови и глави се разгледани народниот живот, обичаите, народното творештво, архитектурата и живописот, како и дијалектите на тетовските говори. Тоа е сторено поодделно за Македонците, за албанската и за турската народност во овој македонски крај. Освен тоа, во првите делови и глави од текстот на Историјата, повеќе страници им се посветени на природно-географските одлики, на предсловенските цивилизации проучени врз основа на ар-

хеолошки истражувања, на средновековните градови-тврдини и патишта, на црковните споменици и на народната архитектура.

V

При крајот од овој текст би додал некои општи оценки за овој труд. Трудот ги има сите одлики на фактографски богато аргументиран и научно солидно обработен историографски труд. Во него нема ниедна поставена теза или изведен заклучок, а кои да не се засновани врз конкретна изворна документација. Тој е лишен од импровизации од емотивност на тонот, од површност, од ненаучни конструкции. Низ него повеќе говори изворната фактографија одошто авторот и авторите. Наместа, каде што недостасувала изворна граѓа, се пристапува со нужната претпазливост во излагањето што е уште една одлика на научничката чесност. Како таков овој труд придонесува за поуспешното одбивање на оние идеолошки напади однадвор, кои под наметката на науката се обидуваат да остваруваат свое идејно влијание врз свеста на луѓето.

Првата книга на Историјата на Тетово и Тетовско е солидно научно остварување на македонската историографија, но не само и на историографијата. Таа се вклучува во нашиот досегашен научен фонд и покрива повеќе епохи од историјата на Полог. Преку неа Тетовско си обезбедува соодветно место во општите историографски прегледи на Македонија, па и поширoко од неа. При идното пишување на таквите прегледи оваа книга мора да се земе предвид.

Таа, исто така, нуди изобилен материјал при секое синтетичко обработување на некои посебни историски појави и процеси, а кои се одвивале и во други македонски, југословенски и балкански предели. Кон сето тоа, мошне интересна е и композицијата на овој труд. Монографијата за Тетово и Тетовско дава пример на кој начин може да се постигне научен труд во кој не ќе биде изоставена ниедна народнoсна група. Тоа подеднакво се однесува како за регионалните истории особено во мешаните подрачја, така и за историјата на Македонија како целина. Одовде, и во однос на композицијата, осврнувањето на оваа монографија може да биде само корисно.

Кога сме при крајот, не може а да не го истакнеме напорот на авторите, вложен во откривањето на документацијата и фактографијата и нивното систематизирање заради што поверодостојното и поцелосно отсликување на одамна одминатите историски реалности. Овој напор бил дотолку поголем кога се знае општиот недостиг од изворна документација, кој, во случајот на Тетовско и од повеќе причини, е поизразен одошто тоа е случај со некои други предели на Македонија. Авторскиот тим по цената на повеќегодишни континуирани истражувања успешно ја извршил и оваа задача, а без која не било можно да се пристапи кон пишување на текстовите. Нивните напори, секако ги помогнале Одборот за пишување

и Редакцијата на монографијата чии уредник е акад. Љ. Лапе. Овој потфат заслужува секаква општествена поддршка која треба да придонесе за неговото доршување со издавањето и на втората книга на Историјата на Тетово и Тетовско.

Манол ПАНДЕВСКИ

## ЈУГОСЛАВИЈА 1941.

(Издавач: Републички Завод за унапређивање школства ООУР за издавање уџебника и Друштво историчара СР Црне Горе, Титограда, 1982)

За Југославија во 1941 година е пишувано доста во нашата историографија. Меѓутоа, научното интересирање за оваа историски преломна година во животот на сите наши народи разбирливо трае и понатаму. Забележително е дека во таа бројна историографска продукција скоро и нема синтетички трудови. Еден од обидите да се дојде до синтеза за 1941 година е оваа книга што е повод за овие трудови.

Книгата — зборник на трудови за Југославија во 1941 година — настана од авторизирани предавања кои истакнати историчари од сите наши републики и покраини ги одржале на семинарот за наставници и професори по историја од СР Црна Гора, во јануари 1982 год. во Будва, под наслов **Југославија во 1941** година. Имено, организаторите на семинарот (Друштвото на историчарите на СР Црна Гора, Републичкиот завод за унапредување на школството, Катедрата за историја на Наставничкиот факултет во Никшиќ и Историскиот институт на СР Црна Гора во Титоград) се определија за научно-стручна обработка на 1941 година во Југославија во целина и во сите нејзини делови, тргнувајќи пред сѐ од фактите дека таа година всушност претставува еден од најзначајните датуми во нашата понова историја и дека иновациите на знаењата за неа се неопходно потребни на наставниците по историја.

Одбележувањето на четириесетгодишнината од народните востанија и почетокот на НОВ и социјалистичката револуција во Југославија беше погоден повод да се подвлечат и расветлат некои најбитни прашања за историската 1941 година и да се прикажат остварените достигнувања во нашата историографска литература за сложените настани во почетната година на НОВ и револуцијата на целиот југословенски простор. Со желба на наставниците и професорите по историја, пред сѐ, да им се прикаже, да им се престави степенот на научните достигнувања во обработката на почетокот на вооружената борба на југословенските народи и народности против окупаторот и сите сили на домашните предавници, концепциски се тргнало од согледувањата на достигнатото ниво на научната мисла за историската 1941 година во Југославија гледа-